# СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.

Среда, 3 декември 1997 Скопје

Број 61 Год. LIII

Претплатата за 1997 година изнесува 6.400 денари. Овој број чини 100 денари. Жиро сметка 40100-603-12498

**1151.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СТОЧАРСТВОТО

Се прогласува Законот за сточарството, што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 26 ноември 1997 година.

Број 08-3830/1
26 ноември 1997 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Тито Петковски**, с.р.

## ЗАКОН ЗА СТОЧАРСТВОТО

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредува одгледувањето и прометот на говеда, овци, кози, свињи, коњи, живина, куникули и други животни од стопанско значење, добивањето на добиточни производи, добивањето и прометот на семе и ембриони, производството и прометот на добиточна храна и други прашања во врска со сточарството.

Член 2

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. „Сточарство“ е гранка на земјоделството, чија дејност е одгледување на животни од стопанско значење и добивање добиточни производи;
2. „Животно од стопанско значење“ (во натамошниот текст: добиток), е животно кое дава директна или индиректна полза за човекот;
3. „Куникул“ е вид домашно животно кое потекнува од дивиот куникул, спаѓа во фамилијата зајаци (Leporidae), во родот Orictolagus и во видот Cuniculus;
4. „Добиточни производи“ се млеко, месо, масноти, јајца, волна, кожа и крзно (примарни производи), коски, црева, крв, рогови, копита, чапунки, влакна, пердуви и други производи од добиток (секундарни производи);
5. „Автохтона раса“ е раса на добиток која е создадена во природните услови на Република Македонија или нејзиното одгледување е со долга традиција;
6. „Приплодно грло“ е животно способно за репродукција;
7. „Квалитетно приплодно грло“ е животно од призната и прифатена раса, запишано во регистарот за квалитетни приплодни грла, со познато потекло за двата родитела најмалку за две генерации;
8. „Висококвалитетно приплодно грло“ е животно од призната и прифатена раса, запишано во регистарот за висококвалитетни приплодни грла, со познато потекло за двата родитела најмалку за три генерации, испитано на производните и репродуктивните особини и со генетска основа за висока приплодна и производна вредност според признати и усвоени научни методи;
9. „Одбрано (лиценцирано) машко приплодно грло“ е животно кое со лиценцирањето е оставено за приплод и евидентирано во матичното книговодство;
10. „Приплодна вредност“ е наследно влијание на животното врз производните и репродуктивните особини на неговото потомство;
11. „Испитување на производните и репродуктивните особини“ е постапка за утврдување на производните и репродуктивните особини на животното, вклучувајќи го и квалитетот на производите во рамките на оцената на приплодната вредност;
12. „Матично книговодство“ е водење евиденција за производните и репродуктивните особини на квалитетните и високо квалитетните приплодни грла;
13. „Селекција на приплоден добиток“ е одбирање на грла за приплод;
14. „Добивање на семе“ е процес на земање семе од приплодни грла, негов третман и ставање во промет;
15. „Ембриотрансфер“ е процес на земање ембриони, нивно третирање, ставање во промет и пресадување и
16. „Добиточна храна“ е производ од растително, животинско или минерално потекло, добиен природно како кабести или концентрирани суровини, или индустриски како комплетни крмни смески и суровини, кој служи за исхрана на добитокот, а не е штетен за нивното здравје, како ни за здравјето на луѓето што ги користат добиточните производи.

### II. ОДГЛЕДУВАЊЕ НА ДОБИТОК

Член 3

Добитокот може да се одгледува на екстензивен, полуинтензивен или интензивен начин. Начинот на одгледување го избира одгледувачот.

Одгледувањето и напасувањето на козите мора да биде под контрола на одгледувачот.

Член 4

Сточарското производство се унапредува со преземање мерки за подобрување на:

– производните и репродуктивните особини на добитокот;
– квалитетот на добиточните производи и
– производството и прометот на добитична храна.

Правците за унапредување и развој на одделните сточарски гранки се утврдуваат во Националната одгледувачка програма за сточарството.

Програмата од став 2 на овој член ја донесува Владата на Република Македонија, за период од десет години.

Член 5

Одгледувачите на сите категории на: говеда, овци, кози, свињи и коњи, а по потреба и друг добиток, се

должни да ги обележат заради нивна идентификација, евиденција и утврдување на сопственоста.

Трошоците за обележување ги сноси сопственикот на добитокот.

Член 6

Обележувањето, евиденцијата и утврдувањето на сопственоста од член 5 на овој закон ги врши правно лице овластено од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Правното лице од став 1 на овој член, за да биде овластено треба да ги исполнува следниве услови:

- да има вработено најмалку едно лице со VII/1 степен стручна подготовка Земјоделски факултет - сточарска насока и
- да има соодветна опрема за автоматска обработка на податоците.

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ги пропишува начинот на обележувањето, формата, содржината и начинот на водењето на евиденцијата и образецот на документот за утврдување на сопственоста на добитокот.

## III. ОДГЛЕДУВАЊЕ НА ПРИПЛОДЕН ДОБИТОК, ДОБИВАЊЕ СЕМЕ, ОПЛОДЕНИ ЈАЈЦЕКЛЕТКИ И ЕМБРИОНИ

Член 7

Во Република Македонија се води матично книговодство, селекција и следење на состојбите во сточарството.

Матичното книговодство и селекцијата на приплодни грла, како и следењето на состојбите во сточарството, ги води правно лице овластено од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Правното лице од став 2 на овој член, за да биде овластено треба да ги исполнува следните услови:

- да има вработено најмалку четири лица од кои две со VIII степен стручна подготовка од областа на сточарството и две со најмалку VII/1 степен стручна подготовка Земјоделски факултет - сточарска насока и
- да има соодветна опрема за автоматска обработка на податоците.

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ги пропишува начинот на водењето на матичното книговодство и селекцијата на приплоден добиток и на следењето на состојбите во сточарството, како и формата и содржината на книгите и обрасците за водењето на матичното книговодство.

Член 8

Осеменувањето на женските приплодни грла се врши на вештачки или природен начин.

Вештачкото осеменување на женските приплодни грла се врши со семе од позитивно оценети приплодни грла (високо квалитетни) или приплодни грла што се во испитување.

Природно осеменување на женските приплодни грла се врши со квалитетни или со одбрани (лиценцирани) машки приплодни грла.

Член 9

Висококвалитетно приплодно грло се добива од висококвалитетни родители.

Квалитетно приплодно грло се добива од родители кои се оценети како квалитетни, или кога еден од родителите е оценет како висококвалитетен, а вториот како квалитетен.

За добиените грла од ставовите 1 и 2 на овој член се водат регистри.

Регистрите од став 3 на овој член ги води овластеното правно лице од член 7 на овој закон.

Член 10

Одгледувачите на живина кои произведуваат женски хибридни пилиња наменети за одгледување на хибридни кокошки - несилки, машките пилиња ги уништуваат во првиот ден по ведењето.

Машките и женските хибридни пилиња од гојните хибриди се користат само за гоење.

Член 11

Испитувањето на производните и репродуктивните особини на приплодните грла се врши со примена на признати и усвоени научни методи, под контрола на научна институција од областа на сточарството.

Резултатите од испитувањата од став 1 на овој член ги собира и обработува правното лице од член 7 на овој закон.

Врз основа на добиените резултати се врши утврдување на квалитетот на приплодните грла од соодветна комисија формирана од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Комисијата од став 3 на овој член се состои од претседател и четворица членови и нивни заменици, кои мора да бидат лица со научно-стручни познавања од областа на зоотехниката.

Трошоците за комисијата од став 4 на овој член ги сноси одгледувачот на испитуваните приплодни грла.

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе ја пропише висината на надоместокот за работата на комисијата.

Член 12

Добивање и одгледување на висококвалитетни и квалитетни приплодни грла врши правно лице доколку е запишано во регистарот на одгледувачи на приплоден добиток што го води Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Во регистарот од став 1 на овој член се запишува правно лице по претходно добиено решение за добивање и одгледување на висококвалитетни и квалитетни приплодни грла ако ги исполнува следниве услови:

- располага со определен број на приплодни грла од соодветен вид на добиток;
- има донесено своја одгледувачка програма во согласност со Националната одгледувачка програма за сточарството;
- има вработено најмалку едно лице со VII/1 степен стручна подготовка Земјоделски факултет - сточарска насока или Ветеринарен факултет и
- е вклучен во системот за автоматска обработка на податоците и водење на матичното книговодство и контрола на производните и репродуктивните особини на добитокот.

Член 13

За запишување во регистарот од член 12 став 1 на овој закон, одгледувачот на висококвалитетни и квалитетни приплодни грла до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство поднесува барање кое особено содржи:

- фирма, седиште и адреса на барателот и
- докази дека ги исполнува условите предвидени со член 12 став 2 на овој закон.

За запишување во регистарот од член 12 став 1 на овој закон се добива решение.

Против решението со кое се одбива барањето од став 2 на овој член може да се поднесе жалба до Комисијата за решавање на управните работи од втор степен од областа на земјоделството, шумарството, водостопанството и ветеринарството на Владата на Република Македонија.

Член 14

Добивање на семе за вештачко осеменување врши правно лице овластено од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Правното лице од став 1 на овој член, за да биде овластено, треба да ги исполнува следниве услови:

– да има вработено најмалку две лица со најмалку VII/1 степен стручна подготовка и тоа, едно лице со Ветеринарен факултет и едно лице со Земјоделски факултет – сточарска насока;

– да располага со висококвалитетни машки приплодни грла од соодветен вид на добиток;

– да располага со соодветни простории и

– да има соодветна опрема за земање, обработка, чување и испорака на семето.

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство поблиску ќе ги пропише условите од став 2 алинеите 3 и 4 на овој член.

Член 15

За вештачко осеменување на приплодните грла се употребува само квалитетно семе, кое по однос на бројот и виталноста на сперматозоидите исполнува определени норми.

Правното лице за добивање семе за вештачко осеменување е должно да води евиденција за видот, квалитетот, количеството и испораката на добиеното семе.

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе го пропише начинот на водењето на евиденцијата од став 2 на овој член.

Член 16

Вештачко осеменување на приплодните грла може да врши:

– правно лице регистрирано за вршење на земјоделски услуги во сточарството, кое има вработено најмалку едно лице оспособено за вештачко осеменување, има соодветна опрема за аплицирање на семето и води евиденција за осеменетите грла;

– правно лице – одгледувач на добиток, со вработено најмалку едно лице оспособено за вештачко осеменување, за осеменување во сопственото стадо и

– физичко лице – одгледувач на добиток оспособено за вештачко осеменување, за осеменување на сопственото стадо.

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство поблиску ќе ги пропише потребната опрема и начинот на водењето на евиденцијата од став 1 алинеја 1 на овој член.

Член 17

Оспособување за вештачко осеменување на приплодни грла спроведуваат правни лица овластени од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Правното лице од став 1 на овој член за да биде овластено треба да ги исполнува следниве услови:

– да има вработено најмалку три лица со VII/1 степен стручна подготовка од кои две лица со Ветеринарен факултет и едно лице со Земјоделски факултет – сточарска насока и

– да располага со животни, опрема и просторни можности за изведување на обуката.

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство поблиску ќе ја пропише програмата за спроведување на оспособувањето, времетраењето и образецот за потврдата за оспособување за вештачко осеменување, како и поблиските услови од став 2 алинеја 2 на овој член.

Член 18

Вештачко осеменување може да се врши и со семе од увоз ако:

– потекнува од позитивно оценето приплодно грло регистрирано во овластена институција за матично книговодство и селекција во земјата од каде што потекнува животното;

– потекнува од приплодно грло кое има резултат за крвната група и

– увозникот има уверение за квалитетот на семето издадено од соодветна надлежна институција на земјата извозничка.

Член 19

Добивање на висококвалитетно приплодно грло може да се врши и по пат на ембриотрансфер. Производство на ембриони врши правно лице, овластено од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Правното лице од став 1 на овој член за да биде овластено, треба да ги исполнува следниве услови:

– да има вработено најмалку три лица со VIII степен стручна подготовка, од кои две лица од областа на ветеринарните науки и едно лице од областа на земјоделските науки и најмалку три лица со VII/2 степен стручна подготовка од кои две лица од областа на ветеринарните науки и едно лице од областа на земјоделските науки;

– да располага со висококвалитетни женски приплодни грла од соодветен вид добиток;

– да располага со соодветни простории и

– да има соодветна опрема за добивање и третман на оплодени јајцеклетки, и за добивање, третман, чување, промет и пресадување на ембриони.

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство поблиску ќе ги пропише условите од алинеите 3 и 4 од став 2 на овој член.

Член 20

Правното лице од член 19 став 1 на овој закон води евиденција за видот и бројот на оплодени јајцеклетки и ембриони, како и за начинот на чување и пресадување на ембриони.

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство поблиску ќе ги пропише содржината и начинот на водењето на евиденцијата, како и начинот на чување и пресадување на ембриони.

Член 21

Пресадување на ембриони може да врши:

– правно лице регистрирано за вршење земјоделски услуги во сточарството, кое има вработено најмалку едно лице оспособено за ембриотрансфер;

– правно лице – одгледувач на добиток, со вработено најмалку едно лице оспособено за ембриотрансфер, за пресадување на ембриони во сопственото стадо и

– физичко лице – одгледувач на добиток оспособено за ембриотрансфер, за пресадување на ембриони во сопственото стадо.

Лицата од став 1 на овој член мора да имаат опрема за чување и пресадување на ембрионите и да водат евиденција за извршеното пресадување на ембриони.

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство поблиску ќе ги пропише потребната опрема и начинот на водењето на евиденцијата од став 2 на овој член.

Член 22

Оспособување за ембриотрансфер врши овластено правно лице од член 19 на овој закон според соодветна програма.

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ги пропишува програмата, времетраењето на оспособувањето и образецот на потврдата за оспособување за вршење на ембриотрансфер.

Член 23

Конзервација на генетската вредност на автохтони раси добиток и нивно одржување во изворните облици врши институција определена од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство која ги исполнува следниве услови:

– има вработено најмалку пет лица со VIII степен стручна подготовка од кои три лица од областа на зем-

јоделските науки и две лица од областа на биотехнологијата и

– има лабораторија за испитување на генотипот на добитокот.

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе го пропише начинот на конзервирање на генетската вредност на автохтони раси добиток и нивното одржување во изворните облици.

Член 24

Создавање на нови раси и хибриди на домашни животни се врши со примена на признати и усвоени научни методи.

Признавање на новосоздадени раси и хибриди на домашни животни, по предлог на соодветна комисија, а врз основа на резултати од претходните испитувања, врши министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Комисијата од став 2 на овој член се состои од претседател и четворица членови и нивни заменици, кои мора да бидат лица со научно-стручни познавања од областа на зоотехниката.

Надоместокот за комисијата од став 3 на овој член го сноси Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе ја пропише висината на надоместокот за работата на комисијата.

## IV. ПРОМЕТ СО ДОБИТОК, СЕМЕ И ЕМБРИОНИ

Член 25

Во промет може да се стави грло ако за него е обезбеден документ за сопственост и грлото е обележано согласно со член 5 од овој закон.

Член 26

Прометот на добиток се врши на место определено за таа намена (добиточен пазар), на местото на одгледување или на организирана земјоделска манифестација (смотра, изложба или саем).

Член 27

Одгледувачот на високовалитетен и квалитетен приплоден добиток што го става во промет е должен, покрај условите од член 25 на овој закон, да обезбеди и педигре издадено од правното лице од член 7 на овој закон.

Член 28

За увоз на приплодни грла од нови видови, раси и хибриди во Република Македонија потребна е дозвола што ја издава министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

За приплодните грла од став 1 на овој член купувачот мора да обезбеди педигре издадено од надлежната институција на земјата извозничка.

Член 29

Правното лице од член 14 став 1 на овој закон врши испорака на семе за вештачко осеменување на правно или физичко лице од член 16 став 1 алинеи 1, 2 и 3 на овој закон.

Правното лице од член 19 став 1 на овој закон врши испорака на ембриони на правно или физичко лице од член 21 став 1 алинеи 1, 2 и 3 на овој закон.

Член 30

Увоз на семе и ембриони може да врши правното лице од членовите 14 и 19 на овој закон по претходно добиена дозвола од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Член 31

За добивање дозвола од членовите 28 став 1 и 30 став 1 на овој закон, до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство купувачот треба да поднесе барање кое особено содржи:

– фирма, седиште и адреса на купувачот;

– видот, расата, категоријата и возраста на добитокот;

– бројот на грла, ембриони или дози на семе;

– земјата извозник и

– местото на одгледување во Република Македонија.

Член 32

Извозот на приплоден добиток, семе и ембриони се врши врз основа на дозвола добиена од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Член 33

За добивање дозвола за извоз на приплоден добиток, семе и ембриони до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство продавачот треба да поднесе барање кое особено содржи:

– фирма, седиште и адреса на продавачот;

– видот, расата, категоријата и возраста на добитокот;

– бројот на грла, ембриони или дози на семе и

– земјата увозник.

## V. ПРОИЗВОДСТВО И ПРОМЕТ НА ДОБИТОЧНА ХРАНА

Член 34

Производство на концентрирана добиточна храна (крмна смеска, наменета за промет, може да врши правно лице ако ги исполнува следниве услови:

– располага со објекти и опрема кои обезбедуваат нормален технолошки процес на производство и со опрема за контрола на квалитетот;

– има обезбедено простории за чување на суровини и на готов производ;

– има вработено најмалку едно стручно лице со завршен VII/1 степен стручна подготовка Земјоделски факултет – сточарска насока кое ќе го води процесот на производството;

– има обезбедено стручна контрола на квалитетот на добиточната храна во процесот на производството, се до пуштање во промет.

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство поблиску ќе ги пропише условите од став 1 алинеи 1 и 2 на овој член.

Член 35

Концентрираната добиточна храна што се става во промет мора да има пропишана декларација на амбалажата и на придружниот книговодствен документ, во која се внесени основните податоци за квалитетот и количеството.

Храната од став 1 на овој член мора да одговара на декларираните податоци.

Член 36

Правните лица кои произведуваат кабеста добиточна храна наменета за промет, се должни да вршат контрола на квалитетот во процесот на производството до пуштањето во промет.

Член 37

Во промет се става добиточна храна која по однос на составот и квалитетот ги исполнува пропишаните услови.

Условите во поглед на составот и квалитетот на добиточната храна ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство во согласност со министерот за стопанство.

Член 38

Увезената добиточна храна наменета за промет, по однос на составот и квалитетот, мора да ги исполнува условите од член 37 на овој закон.

Член 39

Употребата на добиточна храна која го загрозува здравјето на добитокот или која, преку производите од добитокот може да го загрози здравјето на луѓето, не е дозволена во исхраната на добитокот.

Член 40

Заради утврдување на декларираниот квалитет на добиточната храна што се става во промет може да се врши анализа, односно суперанализа.

Анализа, односно суперанализа на добиточната храна вршат правни лица овластени од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Правните лица од став 2 на овој член за да бидат овластени треба да ги исполнуваат следниве услови:

- за вршење анализа да имаат вработено најмалку две лица со VII/1 степен стручна подготовка, од кои, едно со Земјоделски факултет - сточарска насока и едно со Природно-математички факултет-биохемиско-физиолошка насока;
- за вршење супер анализа да имаат вработено најмалку две лица, од кои, едно со VII/2 степен стручна подготовка Земјоделски факултет - сточарска насока, и едно со VII/1 степен стручна подготовка Природно-математички факултет - биохемиско-физиолошка насока и
- имаат хемиска лабораторија со соодветна потребна опрема.

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство поблиску ќе ја пропише потребната опрема од став 3 алинеја 3 од овој член.

Член 41

Инспекторот е должен за резултатите од анализата која се врши по негово барање да го извести производителот или прометната организација од кого е земена пробата (мострата) на добиточна храна.

Ако производителот што ја произведува храната или прометната организација што ја пласира храната не е задоволна со резултатите од анализата, може да побара суперанализа во рок од осум дена од денот на известувањето за резултатите од анализата, и тоа на иста мостра (трета врекичка) која е депонирана кај инспекторот. Ако резултатот од суперанализата не е истоветен, односно значително отстапува во однос на оној од анализата, се признава резултатот од суперанализата.

Трошоците од анализата, односно суперанализата, паѓаат на товар на производителот или на прометната организација за добиточна храна, доколку добиените резултати отстапуваат од декларацијата.

Во случај, кога резултатите од анализата, односно суперанализата одговараат на декларацијата, трошоците се на товар на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## VI. НАДЗОР

Член 42

Надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на него врши Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Член 43

Инспекцискиот надзор го врши Инспекторатот за земјоделство преку инспектори за земјоделство.

За инспектор од став 1 на овој член може да биде назначено лице кое има VII/1 степен стручна подготовка Земјоделски факултет - сточарска насока и најмалку пет години работно искуство во струката.

Член 44

Инспекторот за земјоделство, покрај општите овластувања што ги има според посебните прописи за земјоделската инспекција, има право да врши надзор над:

1. Водењето на матичното книговодство;
2. Квалитетот на приплодниот добиток и на семето за вештачко осеменување, оплодените јајцеклетки и ембрионите;
3. Вештачкото и природното осеменување;
4. Производството на женски и машки хибридни пилиња;
5. Квалитетот на добитокот, семето за вештачко осеменување, оплодените јајцеклетки и ембрионите во прометот;
6. Производството и прометот на добиточна храна и
7. Да зема мостри на суровини, добиточни производи, добиточна храна, семе и ембриони со цел да се испита дали одговараат на пропишаните услови од овој закон.

Инспекторот привремено ќе забрани вршење на определена дејност доколку утврди неправилност во работењето или правното лице престанало да исполнува некој од пропишаните услови од овој закон до донесување решение за одземање на овластувањето.

Член 45

Земјоделскиот инспектор на граничните премини, покрај општите овластувања што ги има според посебните прописи за земјоделска инспекција, има право да врши надзор над увозот и извозот на:

1. Добиток;
2. Семе, оплодени јајцеклетки и ембриони и
3. Добиточна храна и компоненти за добиточна храна.

Земјоделскиот инспектор ќе забрани увоз или извоз ако пратката не ги исполнува пропишаните услови од овој закон.

Надзор над увозот и извозот на добитокот и производите од став 1 на овој член се врши на гранични премини определени од Владата на Република Македонија.

Член 46

За извршениот инспекциски надзор инспекторите од членовите 44 и 45 на овој закон, составуваат записник во кој се внесува наодот за состојбата и предложените мерки.

Записникот од став 1 на овој член му се предава на одговорното лице во правното лице или на лицето во чие присуство се врши надзорот.

За извршувањето на мерките или дејствијата што произлегуваат од записникот од став 1 на овој член инспекторот донесува решение во кое се определува и рокот за извршување на мерките доколку не е постапено по забелешките утврдени во записникот.

Против решението од став 3 на овој член може да се изјави жалба до Комисијата на Владата на Република Македонија во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

## VII. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 47

Со парична казна од 200.000 денари до 300.000 денари ќе се казни за прекршок правното лице ако:

1. За добивање на висококвалитетен и квалитетен приплоден добиток употребува приплоден добиток спротивно на член 9 став 2 од овој закон;
2. Добива и одгледува висококвалитетен и квалитетен приплоден добиток, а не е запишан во регистарот (член 12 став 1);

3. Добива и одгледува висококвалитетен и квалитетен приплоден добиток, а престане да исполнува некој од условите пропишани во член 12 став 2 од овој закон;

4. Добива семе за вештачко осеменување, а не е овластено (член 14 став 1);

5. Добива семе за вештачко осеменување, а престанало да исполнува некој од условите пропишани во член 14 став 2 од овој закон;

6. Употребува семе кое по однос на квалитетот не исполнува определени норми (член 15) и

7. Врши вештачко осеменување со семе од увоз кое не ги исполнува пропишаните услови (член 18).

За прекршокот од став 1 на овој член, ќе се казни и одговорното лице во правното лице, со парична казна од 30.000 денари до 50.000 денари.

За прекршокот од став 1 точки 4, 5, 6 и 7 на овој член, покрај паричната казна, ќе се изрече мерка на безбедност одземање на предмети.

За прекршокот од став 1 на овој член, покрај паричната казна, на правното лице ќе се изрече мерка на безбедност забрана за вршење на определена дејност во траење од три до пет години.

За прекршокот од став 1 на овој член, покрај паричната казна, на одговорното лице во правното лице , ќе се изрече мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност, во траење од шест месеци до една година.

Член 48

Со парична казна од 50.000 денари до 200.000 денари ќе се казни за прекршок правното лице ако:

1. Оспособува квалификувани лица за вршење на вештачко осеменување или за ембриотрансфер, а нема овластување (член 17 став 1 или член 22 став 1);

2. Оспособува квалификувани лица за вештачко осеменување или за ембриотрансфер, а престанало да исполнува некој од условите пропишани во членовите 17 став 2 или член 22 став 2;

3. Врши испорака на семе за вештачко осеменување или ембриони спротивно на членот 29 од овој закон;

4. Произведува концентрирана добиточна храна наменета за промет, а не исполнува некој од условите пропишани во член 34 став 1 од овој закон и

5. Врши анализа и суперанализа, а престанало да исполнува некој од условите пропишани во член 40 став 3 од овој закон.

За прекршокот од став 1 на овој член, ќе се казни и одговорното лице во правното лице, со парична казна од 10.000 денари до 30.000 денари.

За прекршокот од став 1 точки 3 и 4 на овој член, покрај паричната казна, ќе се изрече мерка на безбедност одземање на предмети, а за став 1 точка 4 на овој член, мерка на безбедност, одземање на добиточна храна.

За прекршокот од став 1 на овој член, покрај паричната казна, на правното лице ќе се изрече и мерка на безбедност, забрана на вршење определена дејност во траење од една до три години.

За прекршокот од став 1 на овој член, покрај паричната казна, на одговорното лице во правното лице, ќе се изрече мерка на безбедност забрана на вршење на професија, дејност или должност, во траење од четири до девет месеци.

Член 49

Со парична казна од 20.000 денари до 150.000 денари ќе се казни за прекршок правното лице ако:

1. Козите ги напасува без контрола на одгледувачот (член 3 став 2);

2. Грлото не е обележано заради идентификација, евиденција и утврдување на сопственост (член 5);

3. Врши осеменување спротивно на член 8 ставови 2 и 3 на овој закон;

4. Не ги уништува машките пилиња според член 10 став 1 на овој закон;

5. Не ги собира и обработува податоците од испитувањата (член 11 став 2);

6. Не води евиденција според членовите 15 или 20 од овој закон;

7. Врши вештачко осеменување или ембриотрансфер, а нема вработено квалификувано лице според членовите 16 или 21 на овој закон;

8. Врши промет на добиток спротивно на членовите 25 или 26 од овој закон;

9. Става во промет приплоден добиток без педигре и доказ за приплодната вредност (член 27);

10. Става во промет добиточна храна без декларација или ако храната не одговара на декларираните податоци (член 35);

11. Не врши контрола на квалитетот и здравствената исправност на кабестата добиточна храна според член 36 од овој закон и

12. Става во промет добиточна храна која не ги исполнува пропишаните услови од член 37 став 2 на овој закон или користи добиточна храна која го загрозува здравјето на добитокот или која преку производите од добитокот може да го загрози здравјето на луѓето (член 39).

За прекршокот од став 1 на овој член, ќе се казни и одговорното лице во правното лице, со парична казна од 5.000 денари до 10.000 денари.

За прекршокот од став 1 точки 3, 10 и 12 на овој член, покрај паричната казна, на правното лице ќе се изрече мерка на безбедност одземање на предмети.

За прекршокот од став 1 на овој член, покрај паричната казна, на правното лице ќе се изрече мерка на безбедност забрана за вршење на определена дејност во траење од шест месеци до една година.

За прекршокот од став 1 на овој член, покрај паричната казна, на одговорното лице во правното лице, ќе се изрече и мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност, во траење од три месеци до шест месеци.

Член 50

Со парична казна од 1.000 денари до 50.000 денари за прекршок ќе се казни физичко лице ако изврши некое дејствие од членот 49 точки 1, 2, 3, 7 и 8 на овој закон.

За извршување на дејствие од член 48 точка 3 на овој закон, покрај паричната казна, на физичкото лице ќе се изрече мерка на безбедност одземање на предмети.

## VIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 51

Правните лица кои до денот на влегувањето во сила на овој закон вршеле дејност добивање и одгледување на добиток, се должни во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон да ја усогласат својата работа со одредбите на овој закон.

Правните лица од став 1 на овој член кои нема да го усогласат своето работење со условите утврдени со овој закон, во рокот утврден во став 1 на овој член, престануваат со работа.

Постојните издадени овластувања важат се до издавањето на овластувањата според овој закон.

Промет на добиток кој не е обележан согласно со член 5 од овој закон може да се врши најдоцна до две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 52

Поблиските прописи од овој закон министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе ги донесе

во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 53

До донесувањето на поблиските прописи од член 52 на овој закон ќе се применуваат следниве прописи:

– Правилникот за условите што треба да ги исполнува квалитетниот приплоден и елитниот приплоден добиток во поглед на производната и приплодната способност („Службен весник на СРМ" број 29/75);

– Правилникот за начинот на испитување на машките приплодни грла на потомство (прогено тестирање) според единствен метод („Службен весник на СРМ" број 29/75);

– Правилникот за начинот и постапката за вршење стручен надзор, одбирање и оценување на квалитетниот и елитниот приплоден добиток („Службен весник на СРМ" број 29/75) и

– Упатство за начинот на водење на регистарот и обрасците на регистарот на производителите на квалитетен и елитен приплоден добиток („Службен весник на СРМ" број 29/75).

Член 54

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за унапредување на сточарството („Службен весник на СРМ" број 47/73, 51/88, 20/90, 24/91 и „Службен весник на РМ" број 83/92), Законот за одгледување на кози („Службен весник на СРМ" бр. 21/89, 20/90, 24/91 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 83/92).

Член 55

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

---

**1152.**

Врз основа на член 84, став 1, алинеја 2 од Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 52/91), Претседателот на Република Македонија, донесе

**УКАЗ**
**ЗА ПОСТАВУВАЊЕ ВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ИРСКА**

Се поставува

I

Стево Црвенковски, вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Обединетото Кралство Велика Британија и Северна Ирска, за вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Ирска, со седиште во Лондон.

II

Министерот за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

III

Овој указ влегува во сила веднаш.

Указ број 52
25 ноември 1997 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров**, с. р.

**1153.**

Врз основа на точка 1, дел III од Одлуката за организација и делокруг на работата на Кабинетот на Претседателот на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 57/91), донесувам

**ОДЛУКА**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ СОВЕТНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА НАДВОРЕШНО - ПОЛИТИЧКИ ПРАШАЊА И ОДНОСИ СО СТРАНСТВО**

I

Душан Бојчев, се именува за советник на Претседателот на Република Македонија за надворешно-политички прашања и односи со странство.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 08-1104
1 декември 1997 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров**, с.р.

---

**1154.**

Врз основа на точка 1, дел III од Одлуката за организација и делокруг на работата на Кабинетот на Претседателот на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 57/91), донесувам

**ОДЛУКА**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ СОВЕТНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА**

I

Сузана Костадинова, се именува за советник на Претседателот на Република Македонија за комуникација со јавноста.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 08-1105
1 декември 1997 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров**, с.р.

---

**1155.**

Врз основа на точка 1, дел III од Одлуката за организација и делокруг на работата на Кабинетот на Претседателот на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 57/91) донесувам

**ОДЛУКА**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ СОВЕТНИК ВО КАБИНЕТОТ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

I

Ирена Таневска, се именува за советник во Кабинетот на Претседателот на Република Македонија.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 08-1106
1 декември 1997 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров**, с.р.

**1156.**

Врз основа на точка 1, дел III од Одлуката за организација и делокруг на работата на Кабинетот на Претседателот на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 57/91) донесувам

**ОДЛУКА**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ СОВЕТНИК ВО КАБИНЕТОТ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

I

Светлана Караѓозова, се именува за советник во Кабинетот на Претседателот на Република Македонија.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 08-1107
1 декември 1997 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров**, с.р.

**1157.**

Врз основа на точка 1, дел III од Одлуката за организација и делокруг на работата на Кабинетот на Претседателот на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 57/91) донесувам

**ОДЛУКА**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ СОВЕТНИК ВО КАБИНЕТОТ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

I

Соња Андонова, се именува за советник во Кабинетот на Претседателот на Република Македонија.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 08-1108
1 декември 1997 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров**, с.р.

**1158.**

Врз основа на точка 1, дел III од Одлуката за организација и делокруг на работата на Кабинетот на Претседателот на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 57/91) донесувам

**ОДЛУКА**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ СОВЕТНИК ВО КАБИНЕТОТ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

I

Блерина Старова Златку, се именува за советник во Кабинетот на Претседателот на Република Македонија.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 08-1109
1 декември 1997 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров**, с.р.

**1159.**

Врз основа на член 4 став 3 од Законот за народниот правобранител („Службен весник на РМ“ број 7/97) и Одлуката за определување на бројот на замениците на народниот правобранител („Службен весник на РМ“ бр. 50/97), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 26 ноември 1997 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗБОР НА ЗАМЕНИЦИ НА НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ**

I. За заменици на народниот правобранител се избрани:

1. Невена Крушаровска, дипломиран правник, досегашен советник во Уставниот суд на Република Македонија,
2. Сузана Салиу, дипломиран правник, досегашен новинар во весникот „Флака е влазеримит“,
3. Трипун Танушевски, дипломиран правник, досегашен судија во Основниот суд Скопје I - Скопје и
4. Љупчо Ивановски, дипломиран правник, досегашен адвокат од Скопје.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-3833/1
26 ноември 1997 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
**Тито Петковски**, с.р.

**1160.**

Врз основа на член 17-б од Законот за промет со земјиште и згради („Службен весник на РМ“ бр. 36/75, 41/75, 10/79, 51/88, 39/91 и 4/93) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на РМ“ бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 24.11.1997 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА КУПУВАЊЕ НА НЕДВИЖНОСТ - ДЕЛОВЕН ОБЈЕКТ**

Член 1

Да се изврши купување на недвижност - деловен објект во станбено-деловниот комплекс „Делчевчанка“ во вкупна површина од 468 $м^2$, изграден на КП бр. 6702/3 КО Делчево, на улица „Булевар Македонија“ во Делчево, сопственост на ГП „Гранит“ АД - Скопје.

Член 2

Купопродажната цена на деловниот објект изнесува 12.000.174,00 (дванаесет милиони и стоседумдесет и четири) денари.

Член 3

Договорот за купување на недвижноста од член 1 на оваа одлука во името на Република Македонија ќе го склучи министерот за финансии.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-2713/1
24 ноември 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**1161.**

Врз основа на член 34 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр. 4/96) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на РМ“ бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 24.11.1997 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА УСЛОВИ ЗА ГРАДБА ЗА ОБЈЕКТОТ „ПРОИЗВОДЕН ПОГОН ЗА БЕЗАЛКОХОЛНИ ПИЈАЛАЦИ СО ПРОПРАТНИ ОБЈЕКТИ“, ШТО ТРЕБА ДА СЕ ГРАДИ ВО ОПШТИНАТА ЈЕГУНОВЦИ

1. Со оваа одлука се определуваат услови за градба на објектот „Производен погон за безалкохолни пијалаци со пропратни објекти“, што треба да се гради во Општината Јегуновци, КО „Жилче“, м. в. „С. Поле“, на КП бр. 109/2 и 48, катастарска култура – нива од 4-та катастарска класа, со вкупна површина од 4626 м², од која за изградба на објектот се пренаменува 1500 м², сопственост на инвеститорот Костовски Едвард од с. Жилче, и се определува земјиштето кое му припаѓа на објектот за неговата редовна употреба.

2. Составен дел на оваа одлука е графичкиот прилог – ситуација во М 1:500, кој не се објавува, а се наоѓа во Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина.

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-2700/1
24 ноември 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

---

**1162.**

Врз основа на член 103 од Законот за основно образование („Службен весник на РМ“ бр. 44/95, 34/96) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на РМ“ бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 24.11.1997 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“ - САМОКОВ

Се дава согласност на одредбите на Статутот на Основното училиште „Браќа Миладиновци“-Самоков, што го донесе Училишниот одбор на седницата одржана на 29.02.1996 година.

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-1225/1
24 ноември 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

---

**1163.**

Врз основа на член 9 од Законот за Царинската тарифа („Службен весник на РМ“ бр. 38/96) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на РМ“ бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 24.11.1997 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА НОМЕНКЛАТУРАТА НА ЦАРИНСКАТА ТАРИФА

1. Во Законот за Царинската тарифа („Службен весник на Република Македонија“, бр. 38/96, во глава 39 во номенклатурата на Царинската тарифа се вршат следниве измени:

1) во тарифниот број 3920 во делот на тарифниот подброј 392010 тарифните ознаки 3920 10 00 10 и 3920 10 00 90 се заменуваат со три нови тарифни ознаки кои гласат:

| | | |
|---|---|---|
| „3920 10 00 11 | -- за употреба во индустријата како материјал за пакување, неприпремени за продажба на мало | 2 |
| 3920 10 00 12 | -- за употреба во земјоделството како фолија за пластеници, неприпремени за продажба на мало | 2 |
| 3920 10 00 19 | -- Друго | 23“ |

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-2651/1
24 ноември 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с. р.

---

**1164.**

Врз основа на член 27, став 12 од Законот за царините („Службен весник на РМ“ бр. 20/93)и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на РМ“ бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 24.11.1997 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОПРЕМА КОЈА МОЖЕ ДА СЕ УВЕЗЕ БЕЗ ПЛАЌАЊЕ ЦАРИНА

1. Со ова решение се утврдува опремата која не се произведува во Република Македонија и може да се увезе без плаќање царина за потребите на Ј.П.А.У. „Македонија“. Опремата е неопходна за опслужување на авионите како и за безбедно обавување на воздушниот сообраќај на аеродромите „Скопје“ и „Охрид“ и тоа:

| Тарифен број | тарифна ознака | Наименување | количина |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| 8430 | | Други машини за рамнење, стругање, копирање, набивање, вадење или дупчење земја, минерали или руда; макари и машини за водење шипови; снежни плугови и дувалки за снег: | |
| | 8430 20 00 00 | - Снежни плугови и дувалки за снег | |
| | | а) Плугови за снег со хидраулични инсталации - TYP Vector ML 39, со вградување на специјално возило MERCEDES BENZ | 2 парчиња |
| 8705 | | Моторни возила за специјални намени (на пр. самотоварни возила за превоз на дефектни возила, возила дигалки, пожарникарски возила, возила со вградени бетонски мешалки, возила за чистење на патишта, возила за прскање или посипување, возила подвижни работилници, подвижни радиолошки единици), освен оние кон- | |

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| | | струирани првенствено за превоз на патници или на стоки: | |
| | 8705 90 | -Друго | |
| | 8705 90 90 00 | –Друго<br>а) Возила за чистење на снег - (MERCEDES BENZ) TYP 1842 AK KW/PS 155/212, KW 68775 - (MERCEDES BENZ) TYP 1842 AK, KW/PS 180/246, KW 68775 | 2 парчиња |

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-2653/1
24 ноември 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

**1165.**

Врз основа на член 27, став 12 од Законот за царините („Службен весник на РМ“ бр. 20/93 и 63/95) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на РМ“ бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 24.11.1997 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОПРЕМА КОЈА МОЖЕ ДА СЕ УВЕЗЕ БЕЗ ПЛАЌАЊЕ ЦАРИНА

1. Со ова решение се утврдува опремата која не се произведува во Република Македонија и може да се увезе без плаќање царина, а за потребите на Министерството за образование и физичка култура и тоа:

| Тарифен број | тарифна ознака | Наименување | количина |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| 8471 | | Машини за автоматска обработка на податоци и нивни единици; магнетни или оптички читачи, машини за преснимување на податоци во кодирана форма и машини за обработка на такви податоци, неспомнати или неопфатени на друго место: | |
| | 8471 70 | -Мемориски единици: | |
| | 8471 70 51 00 | ---- Оптички вклучувајќи и магнетно-оптички<br>а) CD ROM | 1 парче |
| | 8471 80 | - Други единици од машините за автоматска обработка на податоци: | |
| | 8471 80 90 00 | -- Друго<br>а) 6250 Ethernet MP router internacional, 4 MB Flash+4MB Ram | 1 парче |
| | | б) Vangurad 320 Ethernet Mono FRAD | 1 парче |
| 8473 | | Делови и прибор (освен прекривачи, куфери за машини и сл.) главно погодни за употреба исклучително или главно со машините од тар. број 8469 до 8472: | |
| | 8473 30 | - Делови и прибор на машините од тар. број 8471: | |
| | 8473 30 10 00 | --Електронски<br>а) ISDN Card 2B+D Europe S/T | 3 парчиња |
| 8517 | | Електрични апарати за жична телефонија или жична телеграфија, вклучувајќи жични телефонски апарати со безжична слушалка и телекомуникациски апарати за жични системи со носечка струја или дигитални линиски системи; видеофони: | |
| | 8517 50 | -Други апарати, за жични системи со носечка струја или за дигитални линиски системи: | |
| | 8517 50 90 00 | --Други<br>а) Motorola 32 66 SDC, V.34, V.24 port, 220 V ui | 2 парчиња |
| | | б) Motorola 3265, V.34 V.24 port, 220 V ui | 1парче |
| 8544 | | Изолирана жица (вклучувајќи емајлирана или анодизирана жица), кабли (вклучувајќи и коаксијални кабли) и други изолирани електрични спроводници, со или без конектори; кабли од оптички влакна, изработени од поединечно оплаштени влакна, комбинирани или не со електрични спроводници, со или без конектори: | |
| | 8544 51 00 00 | --Со конектори<br>а) cable V.24 DIM-to user | 4 парчиња |
| | | б) ISDN Network Interface Cable | 3 парчиња |

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-2654/1
24 ноември 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

**1166.**

Врз основа на член 27, став 12 од Законот за царините („Службен весник на РМ“ бр. 20/93 и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на РМ“ бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 24.11.1997 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОПРЕМА КОЈА МОЖЕ ДА СЕ УВЕЗЕ БЕЗ ПЛАЌАЊЕ ЦАРИНА

1. Со ова решение се утврдува опремата која не се произведува во Република Македонија и може да се увезе без плаќање царина, а за потребите на Министерството за надворешни работи и тоа:

| Тарифен број | тарифна ознака | Наименување | количина |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| 8703 | | Патнички автомобили и други моторни возила главно конструирани за превоз на лица (освен возилата од тар. број 8702), вклучувајќи моторни возила за комбиниран превоз на лица и стоки (од типот „караван" „комби" итн.) и автомобили за трки: | |
| | 8703 23 | -Со зафатнина на цилиндрите над 1000 $см^3$ до 3000 $см^3$: | |
| | | --Нови: | |
| | | ---Со зафатнина на цилиндрите над 1500 $см^3$ до 2000 $см^3$: | |
| | | ----Патнички автомобили, составени: | |
| | 8703 23 10 11 | -----Со вграден катализатор а) „ФИАТ БРАВА 1,6 СХ" ЗФА 18200004082661, Мотор број 9532093, Зафатнина $см^3$ 1600, Сила на мотор 76, Боја темно лилјакова металик | 1 парче |

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-2655/1
24 ноември 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

**1167.**

Врз основа на член 17 став 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 9 септември 1997 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН И ДЕЛОВЕН ПРОСТОР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ

1. За членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија - Скопје се именуваат:

- Стевче Арсов, заменик директор на ПП „Вардас" - Скопје
- Туше Гошев, пратеник во Собранието на Република Македонија
- Марко Гугуловски, редовен професор на Градежниот факултет во Скопје
- Јакуп Марку, директор на АД ТК „Новост" - Дебар
- Драган Павловски, директор на ДОО „Неметали" - Тетово при ХЕК „Југохром"
- Халим Хида, педагог во ОУ „Јерониле Де Рада" - с.Черкези - Куманово.

2. За членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија - Скопје од редот на вработените на Претпријатието се именуваат:

- Ѓорѓи Арабаџиев, директор на ПЕ - Струмица на ова Јавно претпријатие
- Нове Јоновски, директор на ПЕ Битола на ова Јавно претпријатие.

3. Со именувањето на членовите на Управниот одбор на досегашните членови им престанува мандатот.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 17-1808/2
9 септември 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

**1168.**

Врз основа на член 96 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/95, 24/96, 34/96 и 35/97) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 10 ноември 1997 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УЧИЛИШНИОТ ОДБОР НА ЗАВОДОТ ЗА РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ДЕЦА СО ОШТЕТЕН СЛУХ „КОЧО РАЦИН" - БИТОЛА

1. За членови на Училишниот одбор на Заводот за рехабилитација на деца со оштетен слух „Кочо Рацин" - Битола се именуваат:

- Павлина Василева, професор на Вишата медицинска школа во Битола
- Вангел Торков, директор на Фустеларко - Борец АД - Битола.

2.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 17-57/4
10 ноември 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

**1169.**

Врз основа на член 30 од Законот за научно-истражувачка дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 13/96) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 10 ноември 1997 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗБОР НА ДИРЕКТОР НА ИНСТИТУТОТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА - СКОПЈЕ

1. Владата на Република Македонија дава согласност на Одлуката на Советот на Институтот за национална историја-Скопје, донесена на седницата одржана на 2 април 1997 година, со која за директор на Институтот е избран д-р Новица Велјановски, научен советник и досегашен в.д. директор на Институтот.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 17-81/2
10 ноември 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

**1170.**

Врз основа на член 141 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ“ бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/94) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 10 ноември 1997 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА РЕПУБЛИЧКИОТ ЗАВОД ЗА МЕЃУНАРОДНА НАУЧНО-ТЕХНИЧКА СОРАБОТКА

1. За директор на Републичкиот завод за меѓународна научно-техничка соработка, во состав на Министерство за наука, се именува д-р Сергија Милошевски, досегашен директор на Заводот.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 17-1831/2
10 ноември 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

---

**1171.**

Врз основа на член 153, став 4 и член 156 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ“ бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/94) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/ 94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 10 ноември 1997 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ПОВТОРНО НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ ЗАВОД ЗА МЕЃУНАРОДНА НАУЧНО-ТЕХНИЧКА СОРАБОТКА

1. За советник на директорот на Републичкиот завод за меѓународна научно-техничка соработка се назначува Ѕвезда Георгиевска, досегашен советник на директорот на Републичкиот завод за меѓународна научно-техничка соработка.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 17-1845/2
10 ноември 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

---

**1172.**

Врз основа на член 23 од Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 26/96) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 10 ноември 1997 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ФОНДОТ ЗА МАГИСТРАЛНИ И РЕГИОНАЛНИ ПАТИШТА

1. За членови на Управниот одбор на Фондот за магистрални и регионални патишта се именуваат:

- Мендерес Кучи, дипл. економист, директор на ПП „АРП - Комерц“ - Тетово
- Никола Р. Поповски, пратеник во Собранието на Република Македонија
- м-р Санде Џамбазовски, пратеник во Собранието на Република Македонија.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 17-2116/2
10 ноември 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

---

**1173.**

Врз основа на член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/94) и одредбите на точка 3 од Програмата за изготвување и донесување Просторен план на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 17/95), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 10 ноември 1997 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ФОРМИРАЊЕ КООРДИНАЦИОНО ТЕЛО ЗА СЛЕДЕЊЕ И НАСОЧУВАЊЕ НА ИЗРАБОТКАТА НА ОДДЕЛНИ ФАЗИ НА ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Координационото тело се формира заради следење и насочување на изработка на одделни фази на Просторниот план на Републиката (Документарна информативна основа, аналитичко-програмска фаза, Нацрт на план и Предлог-план) и активностите околу финансиската конструкција, што ќе ја следи динамиката на изработката на истиот во сите фази.

Член 2

Координационото тело го сочинуваат претседател, главен координатор и членови-претставници на одделни министерства: Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина; Министерството за одбрана; Министерството за внатрешни работи; Министерството за надворешни работи; Министерството за финансии; Министерството за стопанство; Министерството за развој; Министерството за сообраќај и врски; Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство; Министерството за труд и социјална политика; Министерството за наука; Министерството за култура; Министерството за здравство; Министерството за образование и физичка култура и Републичката геодетска управа.

Член 3

Претседателот, Главниот координатор и членовите на Координационото тело ги именува Владата на Република Македонија од редот на стручни лица од оваа област.

Член 4

Во текот на изработка и разгледувањето на поодделните фази на Просторниот план на седниците на кориднационото тело, главниот координатор во договор со ресорниот министер, по потреба ќе вклучува и научно-стручни организации и поединци кои работат во областа на уредувањето на просторот и заштитата на животната средина.

Член 5

Мандатот на претседателот, главниот координатор и членовите на Координационото тело ќе трае до донесувањето на Просторниот план од Собранието на Република Македонија.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-2469/2
10 ноември 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с. р.

**1174.**

Врз основа на член 3 од Одлуката за формирање на Координационо тело за следење и насочување на изработката на Просторниот план на Република Македонија и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 10 ноември 1997 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ, ГЛАВЕН КООРДИНАТОР И ЧЛЕНОВИ НА КООРДИНАЦИОНО ТЕЛО ЗА СЛЕДЕЊЕ И НАСОЧУВАЊЕ НА ИЗРАБОТКАТА НА ОДДЕЛНИ ФАЗИ НА ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. За претседател, главен координатор и членови на Координационото тело за следење и насочување на изработката на одделни фази на Просторниот план на Република Македонија, се именуваат:

**а) За претседател**

- Томе Тромбев, министер за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина

**б) За главен координатор**

- м-р Вукосава Пандилова, советник во Владата на Република Македонија

**в) За членови**

- Ристо Андреев, потсекретар во Министерството за сообраќај и врски
- Доне Влашки, потсекретар во Министерството за развој
- Ило Гајтановски, заменик на министерот за внатрешни работи
- Ленче Геровска, потсекретар во Министерството за образование и физичка култура
- Дончо Герасимовски, в.д. директор на Заводот за статистика на Република Македонија
- Михаил Димовски, потсекретар во Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина
- Лилјана Донева, потсекретар во Министерството за финансии
- Борко Зафировски, заменик на министерот за култура
- д-р Мирче Кокалевски, помошник на министерот за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина
- Огнен Малески, потсекретар во Министерството за надворешни работи
- Виолета Малинска-Петрушевска, потсекретар во Министерството за здравство
- Шериф Мемети, помошник на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство
- Антун Мославац, директор на Републичкиот завод за уредување на просторот и заштита на животната средина
- Кирил Настески, заменик на министерот за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина
- Благоја Петрушевски, заменик на министерот за стопанство
- Војислав Попов, директор на Републичката управа за водостопанство
- д-р Александар Трендафилов, помошник на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство
- Стојан Трајанов, потсекретар во Министерството за труд и социјална политика
- Миланчо Успрцов, потсекретар во Министерството за одбрана
- Љиљана Хаџиска, помошник на министерот за наука
- Никола Черепналковски, помошник на министерот за стопанство
- Таки Џиков, помошник на министерот за образование и физичка култура
- Димитар Џонов, директор на Републичка геодетска управа.

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-2469/3
10 ноември 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**1175.**

Врз основа на член 158, став 3 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 10 ноември 1997 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ РЕПУБЛИЧКИ СОВЕТНИК ВО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. За републички советник во Владата на Република Македонија, а распореден на работи и задачи во Министерството за култура, се именува Тодор Тасески, досегашен републички советник во Владата на Република Македонија, распореден на работи и задачи во Министерството за култура.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-2474/2
10 ноември 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**1176.**

Врз основа на член 141 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94), а во врска со член 23 точка 1 од Законот за извршување на санкциите („Службен весник на Република Македонија" бр. 3/97) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седицата одржана на 10 ноември 1997 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ДИРЕКЦИЈАТА НАДЛЕЖНА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ ВО СОСТАВ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ПРАВДА

1. За директор на Дирекцијата надлежна за извршување на санкциите во состав на Министерството за

**1178.**

Уставниот суд на Република Македонија врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 70 став 1 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 70/92) на седницата одржана на 19 ноември 1997 година, донесе

**ОДЛУКА**

1. СЕ УКИНУВА Буџетот на град Скопје за 1997 година („Службен гласник на град Скопје" бр. 5/97).

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

3. Уставниот суд на Република Македонија, по иницијатива на Виктор Алексов од Скопје, со решение У. бр. 169/97 од 8 октомври 1997 година, поведе постапка за оценување законитоста на постапката за донесување на актот означен во точката 1 од ова решение, затоа што се постави прашањето за неговата согласност со член 32 став 6 од Законот за локалната самоуправа.

4. Судот на седницата утврди дека според записникот од третата седница на Советот на град Скопје одржана на 21 март 1997 година, на седницата присуствувале 24 непосредно избрани членови на Советот.

На седницата биле присутни и членови на одделни совети на општините делегирани во Советот на град Скопје кои од страна на претседавачот биле известени дека можат да присуствуваат на седницата но дека немаат право да гласаат бидејќи сèуште не им бил верифициран мандатот во Советот на град Скопје.

При утврдувањето на дневниот ред било предложено да се дополни дневниот ред со нова точка - Верификација на мандатите на делегираните советници од општините на подрачјето на град Скопје, со образложение дека освен Општината Кисела Вода сите други општини ги делегирале своите советници и дека било крајно време нивните мандати да бидат верифицирани за да можеле рамноправно да се вклучат во работата на Советот на град Скопје.

Исто така било предложено да не се расправа за Буџетот на град Скопје меѓу другото и заради тоа да не се дојде повторно во ситуација да биде донесен акт за чие донесување било потребно мнозинство од вкупниот број на советници односно 20 советници.

Двата предлози не биле прифатени и тоа со 11 гласови „за" и 13 гласови „против".

По утврдувањето на дневниот ред седницата ја напуштиле советничките групи на Социјалдемократскиот сојуз, на Социјалистичката партија, членот на Советот од ВМРО-Демократска партија и членот на Советот на ПДП-НДП со образложение дека не сакале да сносат одговорност со учествување во одржувањето на една нелегитимна состојба која можела да има негативни консеквенци. Како причина е наведен фактот дека Општината Кисела Вода, иако го конституирала Советот, сèуште немала делегирано двајца членови во Советот на град Скопје што претставувало индикатор дека немало волја тоа да се направи, а со цел да се одржува состојба спротивна на закон.

Бидејќи на седницата останале да присуствуваат 13 членови на Советот што претставувало мнозинство од 25-те непосредно избрани членови, Советот продолжил со работа.

По претресот и по гласањето Буџетот на град Скопје бил донесен едногласно со 13 гласови „за" од 13 присутни членови на Советот.

Според член 32 став 6 од Законот за локалната самоуправа, статутот, буџетот и завршната сметка на буџетот на единиците на локалната самоуправа и деловникот на советот се донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број членови на советот.

Согласно член 12 од Законот за градот Скопје, доколку со одредбите на членовите 13 и 14 од овој закон поинаку не е определено, на организацијата и работата на органите на градот Скопје, соодветно се применуваат одредбите од член 24 до 53 од Законот за локалната самоуправа.

Според членот 13 од овој закон, советот на градот Скопје го сочинуваат 39 членови од кои 25 членови се избираат на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање во градот Скопје и по двајца членови од советите на општините од подрачјето на градот Скопје избрани од самите совети и со мандат од четири години.

Имајќи ги предвид наведените законски одредби произлегува дека буџетот на градот Скопје се смета дека е донесен ако за него гласале мнозинството од вкупниот број членови на советот односно дека гласале најмалку 20 членови на советот од вкупно 39 членови на советот на градот Скопје.

Со оглед на тоа што за оспорениот Буџет на град Скопје за 1997 година гласале само 13 членови на Советот, а согласно законските одредби е потребно да гласаат најмалку 20 членови на Советот, Судот оцени дека Буџетот не е донесен во согласност со Законот за локална самоуправа, поради што одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

5. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот д-р Милан Недков и судиите Бахри Исљами, д-р Никола Крлески, Олга Лазова, д-р Стојмен Михајловски, д-р Јован Проевски, Бесим Селими, д-р Јосиф Талевски и д-р Тодор Џунов.

У. бр. 169/97
19 ноември 1997 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република Македонија,
д-р **Милан Недков**, с.р.

---

**1179.**

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на членовите 110 и 112 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија(„ Службен весник на Република Македонија" бр. 70/92) на седницата одржана на 19 ноември 1997 година, донесе

**ОДЛУКА**

1. СЕ УКИНУВААТ Одлуката за прогласување на пределот со посебни карактеристики „Вевчански шуми и планински пасишта" - Вевчани и Одлуката за формирање Одбор за заштита, одржување и унапредување на пределот со посебни карактеристики „Вевчански шуми и планински пасишта" - Вевчани, под бр.08-30 и бр. 08-31- донесени од Советот на општината Вевчани на 29 март 1997 година.

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

3. Уставниот суд на Република Македонија, по иницијатива на Владата на Република Македонија, со Решение У. бр.118/97 од 24 септември 1997 година поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на оспорените одлуки означени во точката 1 од оваа одлука, затоа што се постави прашањето за согласноста на оспорените одлуки со Уставот, Законот за шумите, Законот за заштита и унапредување на животната средина и природата и Законот за локалната самоуправа.

4. Судот на седницата утврди дека со член 1 од Одлуката за прогласување на предел со посебни природни карактеристики „Вевчански шуми и планински пасишта" - Вевчани, донесена врз основа на член 29 од Законот за локална самоуправа, членовите 19 и 20 од Законот за заштита на природните реткости и членовите 5 и

12 од Законот за заштита и унапредување на животната средина и природата, се уредува дека со оваа одлука Советот на Општина Вевчани, го прогласува пределот со посебни природни карактеристики „Вевчански шуми и планински пасишта" Вевчани.

Според член 2 од Одлуката, пределот „Вевчански шуми и планински пасишта" е сопственост на Општина Вевчани, и е во границите на КО „Вевчани", според член 3 од Одлуката се овластува Советот со посебна одлука да формира Одбор на кој ќе му се довери вршење на определени работи во врска со заштитата, одржувањето (одгледувањето) и унапредувањето на пределот, според членовите 4 и 5 од Одлуката, за режимот на заштитата, одржувањето и унапредувањето на пределот ќе се донесе посебна студија, во рок од шест месеци, а според член 6 од Одлуката, како составен дел на Одлуката се наведува стручната основа и графичката документација, односно извод од карта во размер 1:25000.

Одлуката, според членот 7, стапила на сила наредниот ден од денот на нејзиното донесување.

Со второоспорената одлука се формира Одбор за заштита, одржување и унапредување на пределот. Според член 2 од оваа одлука, Одборот се состои од 9 членови, од кои два члена претставници од редот на афирмирани и познати стручњаци од областа на шумарството и други природни науки, 6 членови - стручни лица со завршен шумарски факултет, насока шумарство или средна стручна спрема кои ќе бидат со постојан работен однос и еден член претставник од граѓаните на Општина Вевчани.

Според член 3 од Одлуката, претставниците за членови на Одборот ги именува Советот на предлог на градоначалникот, според член 4, Одборот се грижи за извршување на предвидените мерки и работи во Студијата, како и на сите други прописи предвидени со Законот за заштита и унапредување на животната средина и природата, односно природните реткости, според член 5 од Одлуката се определува средствата за работа на Одборот да ги обезбедува Советот, а според член 6 се определува Одлуката да стапи во сила со денот на нејзиното донесување.

5. Според член 56 став 1 од Уставот сите природни богатства на Републиката, растителниот и животинскиот свет, добрата во општа употреба како и предметите и објектите од особено културно и историско значење определени со закон се добра од општ интерес за Републиката и уживаат посебна заштита. Според ставот 3 од овој член на Уставот, со закон се уредуваат начинот и условите под кои определени добра од општ интерес за Републиката можат да се отстапат на користење.

Во согласност со член 115 став 1 од Уставот, во единиците на локалната самоуправа граѓаните непосредно и преку претставници учествуваат во одлучувањето за прашања од локално значење во областите утврдени со Уставот и со закон. Според ставот 2 на овој член, општината е самостојна во вршењето на надлежноста утврдена со Уставот и закон, а надзорот врз законитоста на нејзината работа го врши Републиката, а според ставот 3 од овој член на Уставот, Републиката со закон може да довери вршење на определени работи на општината.

Според член 17 став 1 точка 27 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.52/95 и 60/95), единиците на локалната самоуправа самостојно вршат одделни овластувања врз добрата од општа употреба и врз природните богатства на своето подрачје во согласност со закон.

Со Законот за шумите („Службен весник на СРМ" бр.20/74, 15/86, 51/88 и 20/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 37/91, 44/91 и 83/92) што важел во време на донесувањe на оспорените одлуки, се уредуваше управувањето и стопанисувањето со шумите и шумските земјишта и нивната заштита. Според член 3 од овој закон, шумите и шумските земјишта се добро од општ интерес и уживаат посебна заштита определена со овој закон. Со Законот за изменување и дополнување на Законот за шумите („Службен весник на Република Македонија" бр. 37/91), сите ингеренции во врска со шумите и шумските земјишта се во надлежност на Републиката. Со Законот за шумите („Службен весник на Република Македонија" бр. 47/97) со кој престана да важи претходно наведениот закон, се уредува одгледувањето, користењето и заштитата на шумите. Според член 2 од овој закон, шумите како природно богатство се добра од општ интерес за Републиката и уживаат посебна заштита. Шуми со посебна намена, според член 14 од овој закон, се шуми кои претставуваат природна реткост и убавина и шуми кои првенствено служат за: заштита на земјиште, населени места, водни текови и акумулации, сообраќајници, стопански, инфраструктурни и други објекти, заштита и одгледување на ретки видови шумски дрвја и дивеч, како и за одмор, спорт и рекреација, одбележување на важни историски настани, научно-истражувачки, наставни, образовни, одбранбени и други цели. Шумите за посебна намена, според член 16 став 2 од Законот, ги определува Владата на Република Македонија, освен националните паркови кои се определуваат со закон.

За одбележување е дека како со Законот за шумите кој беше во важност кога се донесени оспорените одлуки, така и со постојниот Закон, ингеренциите за одгледувањето, користењето и заштитата на шумите, вклучувајќи го и определувањето и режимот на шумите со посебни намени, се во надлежност на Републиката (Владата на Република Македонија, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Заводот за шуми, Јавното претпријатие за стопанисување со шуми, шумската полиција и Републичкиот инспекторат за шумарство). Според тоа, Законот за шуми не содржи посебни овластувања за општината и нејзините органи во однос на шумите за посебна намена, вклучувајќи го и прогласувањето на одделен предел со посебни карактеристики.

Со Законот за заштита и унапредување на животната средина и природата („Службен весник на Република Македонија" бр.69/96) се уредуваат правата и должностите на Република Македонија, правните и физичките лица во обезбедувањето услови за заштита и унапредување на животната средина и природата, заради остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина. Според член 5 од овој Закон, поблиските услови за заштита и унапредување на животната средина и природата и здравјето на луѓето се пропишуваат со закон. Сите природни богатства, објекти и делови на природата за кои со научни и стручни истражувања е утврдено дека имаат особено значајни природни вредности, уживаат посебна заштита, во согласност со условите, начинот и постапката пропишани со овој закон, другите закони и меѓународни конвенции и договори. Ингеренциите во заштитата и унапредувањето на животната средина и природата со одредбите на овој закон, е во надлежност на Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина, Заводот за заштита и унапредување на животната средина и природата, Владата на Република Македонија и другите субјекти утврдени во Законот. Посебни овластувања за единиците на локалната самоуправа во смисла на уредување на прашањата со оспорените одлуки, овој закон не содржи.

Тргнувајќи од анализа на наведените уставни и законски одредби јасно произлегува дека шумите и пасиштата, се добра од општ интерес за Републиката, дека начинот и условите на нивното користење се уредува со закон, дека општината може да врши одделни

овластувања врз добрата од општа употреба и врз природните богатства на своето подрачје во согласност со закон. Понатаму, според мислењето на Судот, добрата од општ интерес за Републиката, можат да бидат во различни видови на сопственост, а државата во смисла на член 56 од Уставот, е должна да обезбеди посебна заштита на овие добра независно од тоа во чија сопственост се наоѓаат, при што и јавниот интерес за ограничување на одредени права кај овие добра не мора посебно да се утврдува. Притоа, треба да се има предвид и уставниот принцип дека сопственоста (без оглед во кој вид се појавува) создава права и обврски и треба да служи за добро на поединецот и заедницата. Поаѓајќи од тоа, кај добрата од општ интерес личното право не може да биде нагласено, туку е нагласен општиот интерес за заштита на добрата кои имаат таков карактер. Во таков случај, државата не настапува од позиција на власт, туку поаѓа од своето право и обврска да го заштити земјиштето односно другото природно богатство како добро од општ интерес.

Во конкретниот случај, Судот смета дека со наведените уставни и законски одредби е уредена посебната заштита на добрата од општ интерес за Републиката. Прогласувањето на пределот со посебни карактеристики „Вевчански шуми и планински пасишта" за сопственост на општината Вевчани, на која и се става во функција непосредно да стопанисува и управува со тие добра, на начин и под услови како што е уредено со оспорените одлуки, не е во согласност со принципите за посебната заштита на добрата од општ интерес за Републиката, ниту со начинот и условите под кои определени добра од општ интерес за Републиката можат да се отстапат на користење.

Тргнувајќи од напред наведеното Судот оцени дека оспорените одлуки не се во согласност со напред наведените одредби на Уставот и законите.

6. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

7. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот д-р Милан Недков и судиите Бахри Исљами, д-р Никола Крлески, Олга Лазова, д-р Стојмен Михајловски, д-р Јован Проевски, Бесим Селими, д-р Јосиф Талевски и д-р Тодор Џунов.

У. бр.118/97
19 ноември 1997 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република
Македонија,
д-р **Милан Недков**,с.р.

## *Огласен дел*

### ЗАПИШУВАЊЕ ВО СУДСКИОТ РЕГИСТАР

Основниот суд Скопје I - Скопје со решението Срег. бр. 6022/97, на регистарска влошка бр. 1-30499-0-0-0, го запиша во судскиот регистар пристапувањето на основач во Претпријатие за надворешен и внатрешен промет на големо и мало „ДУЛКА - КОМЕРЦ" ц.о., с. Арачиново, ул. „14" бр. 19.

Кон претпријатието пристапува: Претпријатие за шпедиција, услуги, посредништво промет и производство „БОСВОР - М КОМПАНИ" доо експорт-импорт Скопје, с Арачиново.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, Срег. бр. 6022/97. (16625)

---

Основниот суд во Битола, со решението Срег. бр. 2362/97, на регистарска влошка бр 1-8208, го запиша во судскиот регистар проширувањето на дејностите на Приватното претпријатие за производство, трговија и услуги „ДЕЈОФИЛ" БИ увоз-извоз Битола со п.о. Битола, ул. „Ѓуро Ѓакович" бр. 43.

Се регистрираат нови дејности и тоа: 011390 - Производство на стока за широка потрошувачка и останати метални производи, 012421 - Производство на хартиена амбалажа, 013072 - Производство на бонбони и слатки, 013099 - Производство на зачини, кафе и останати прехранбени производи, 020140 - Сточарство - одгледување на кокошки, гуски за месо и јајца, производство на јајца и пердуви.

Од Основниот суд во Битола, Срег. бр. 2362/97. (17486)

---

Основниот суд во Битола, со решението Срег. бр. 2375/97, на регистарска влошка бр. 1-4897, го запиша во судскиот регистар проширувањето на Приватното претпријатие за производство, услуги и трговија на големо и мало „ДЕЛПАРТ" извоз-увоз Битола, п.о. Битола, ул. „Панде Кајзеро" бр. 32.

Дејноста се проширува со: 050100, 013021.

Од Основниот суд во Битола, Срег. бр. 2375/97. (17487)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје со решението Срег. бр. 3818/97, на регистарска влошка бр. 1-22521-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на фирма на Претпријатие за трговија на големо и мало и услуги „ВИЗА БМ" експорт-импорт д.о.о. Скопје, ул. „Коце Металец" бр. 1-а/17 Скопје.

Новиот назив на фирмата е „ВИЗА Б" монтажа, инжинеринг производство, трговија и услуги д.о.о. Скопје, ул. „Коце Металец" бр. 1-а/17 Скопје.

Од Основниот суд Скопје I во Скопје, Срег. бр. 3818/97. (16911)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје со решението Срег. бр. 6093/97, на регистарска влошка бр. 1-55590-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на основач и промена на лице во Претпријатие во мешовита сопственост за трговија и доработка со електрични апарати и уреди „ЛИДЕР ОСВЕТЛУВАЊЕ" доо експорт-импорт Скопје, ул. „Ѓорѓи Капчев" бр. 8/22.

Кон претпријатието пристапува: Уљкер Дишо и Фаредин Кадри.

Се брише: Туркер Дишо а се запишува: Фејзулаху Севиљ како директор без ограничување.

Од Основниот суд Скопје I во Скопје, Срег. бр. 6093/97. (16909)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје со решението Срег. бр. 6094/97, на регистарска влошка бр. 1-60995-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената во Претпријатие во приватна сопственост за производство услуги и трговија на големо и мало „ДАЛИ - ПОМ" доо Скопје, со седиште на ул. „7" бр. 11 Скопје.

Истапува од претпријатието Стојмановски Далибор.

Од Основниот суд Скопје I во Скопје, Срег. бр. 6094/97. (16913)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје со решението Срег. бр. 4800/97, на регистарска влошка бр. 1-32566-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на основач и директор на Претпријатие за внатрешен и надворешен промет и производство „ДЕЛАТ - К" извоз-увоз доо Скопје, ул. „Васил Ѓоргов" бр. 32-I-3 Скопје.

Кон претпријатието пристапува лицето Лилјана Клинчева од Скопје.

Се брише Милка Клинчева а се запишува Благоја Клинчев како нов директор.

Од Основниот суд Скопје I во Скопје, Срег. бр. 4800/97. (16914)

